Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11),123/12 и 93/13) **Градоначалникот на Општина Гази Баба**, на ден 22.10.2018година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ**, Предлог – УПВНМ за Казнено поправен дом "Идризово" КО Идризово, Општина Гази Баба - Скопје**, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Гази Баба **www.gazibaba.gov.mk**

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ **Предлог – УПВНМ за Казнено поправен дом "Идризово" КО Идризово, Општина Гази Баба - Скопје**, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: бидејќи со планскиот документ кој се донесува не се врши проширување на планскиот опфат за кој претходно има донесено Урбанистички проект со техн.бр.F 2709 од 2010год. заверен од Министерство за транспорт и врски со решение бр.16-1049/22 од 26.07.2010год. во кој опфат и намените во голем процент остануваат исти.

4.Против оваа одлука може да се поднесе жалба до **Министерство за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 28 – 3/4036 од 22.10.2018год,

Место Скопје

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
ГРАДОНАЧАЛНИК

Борис Георгиевски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА 1 СКОПЈЕ